РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
ISO 9001:2015

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр. 08-778
01.03.2019 год.
БЕРОВО

ОПШТИНА
БЕРОВО

„Димитар Влахов" бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2019 ГОД. ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ

## 1. ПРИХОДИ

Во периодот од 01.02.2019 год. до 28.02.2019 год., во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од 5.177.725,00 денари и тоа по следните основи:

- Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 3% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано живеалиште и престојувалиште и - 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност, регистрирани согласно со Законот за занаетчиската дејност, на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста - 124.419,00 ден.

- Уплати по основ на даноци на имот во износ од 217.776,00 ден.

- Уплати на такса за одржување на уличното осветлување по основ на наплатените сметки на граѓаните за потрошена електрична енергија од страна на давателите на услуги, уплати за користење на јавната површина пред деловните простории како и за платени комуналии од страна на ѓраѓаните и правните субјекти се вкупно сума во износ од 1.568.937,00 ден.

- Уплати по основ на такси и дозволи за вршење на дејност сума во износ од 212.256,00 ден.

- Уплати по основ на користење под закупнина на објекти во сопственост на општината,уплати на др.неданочни приходи како и уплатите на осигурителните компании на задолжителен дел од 2% од трошоците при регистрација сума во инос од 508.869,00 ден.

- Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања сума во износ од 153.395,00 ден.

- Трансфери од буџетите на министерствата сума во износ од 200.000,00 ден. и трансфер на средства од Буџетот на Р.С.М. по основ на 4,5% од вкупно наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година сума во износ од 2.192.073,00 ден.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА БЕРОВО**
**ISO 9001:2015**

**ОПШТИНА БЕРОВО**

*„Димитар Влахов" бр.10,*
*2330 Берово*
*т/ф + 389(0)33 471057*
*www.berovo.gov.mk*
*E-mail:so.berovo@t-home.mk*

## *2. РАСХОДИ*

Во периодот од 01.02.2019 год. до 28.02.2019 год., ОД Буџетот на Општина Берово потрошени се вкупно 4.958.654,00 ден. и тоа за следните намени:

- За исплата на плати на вработените во општината, во Домот за стари лица и дел од вработени во ТППЕ Берово, исплатена е сума во износ од 1.477.049,00 ден.

- За патни и дневни трошоци потрошено е сума во износ 3.000,00 ден.

- За измирување на месечните трошоци за комунални услуги, електрична енергија и улично осветлување, греење и комуникации потрошена е сума во износ од 493.583,00 ден.

- За набавка на разни материјали потрошена е сума во износ од 26.918,00 ден.

- За поправки и одржување на службените возила на општината, одржување на зградите,објекти, како и чистење на канали, зимско одржување на улиците, плаќања за одржување на јавна чистота и јавно зеленило на подрачјето на општината потрошена е сума во износ од 599.966,00 ден.

- Плаќања по основ на договорни услуги сума во износ од 130.748,00 ден.

- Задолжителни плаќања при изготвување на завршните сметки на оптшината, плаќања за објава на огласи и членувања во домашни организации сума во износ од 150.536,00 ден.

- Исплати на надоместоци за плати на привремено ангажирани лица во општината сума во износ од 59.038,00 ден.

- Плаќања за извршени градежни работи, изработка на проекти и извршен надзор над градежните работи како и учество на општината во изградба на објектот - Зелен пазар во Берово се вкупно сума во износ од 696.388,00 ден.

01.03.2019 год.

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски